# FOREVER

MACEDONIA

Април 2014 | Број 150















# МОЌТА НА АЛОЕТО

**Forever Aloe Vera Gel** Замислете си дека расекувате свежо откинат лист од алое вера и веднаш го конзумирате гелот од неговата внатрешност.Добро, сега може да бидете што е можно поблиску до вистинскиот алое вера гел токму со пиењето на нашиот **Forever Aloe Vera Gel**. Нашиот патентиран стабилизиран Алое Вера Гел во суштина е идентичен со свежиот гел од листот и тоа беше првиот производ кој го доби сертификатот од страна на Меѓународниот научен совет за Алое. Само истурете дел од течноста во чаша и ќе видите богат коктел од пулпа и течност што ви кажува дека ова пред вас е автентичен производ онака како што го подарила природата.

Алое Вера Гелот содржи богата гама од витамини и минерали, вклучувајќи го и реткиот витамин Б12. Алоето е едно од двете растенија во светот кое е извор на Б12. Ова го прави алое вера гелот суплемент од витално значање како за вегетаријанците, така и за веганите. Овој уникатен пијалок е извор на седум есенцијални аминокиселини кои се директно поврзани со развојот на клетките, а не се синтетизираат од организмот.

Постојат толку многу хранливи материи во гелот од алое и затоа е мошне тешко да се набројат сите бенефиции што тоа ги дава. Едно нешто е сигурно, гелот има силно и позитивно влијание врз здравјето и начинот на живеење на многу луѓе ширум светот.

**Forever Aloe Bits N`Peaches** ви овозможува еден неверојатен вкус, како ниту еден друг пијалок до сега.

Уживајте во прекрасната и неодолива арома од сочни и зрели праски во секоја голтка од овој пијалок. Додадовме праски, бидејќи се извор на витамин А и каротеноиди.

Витаминот А има важна улога за видот, развојот на коските, репродукција и делба на клетките и во одржување на функцијата на имунолошкиот систем. Каротеноидите се природни пигменти кои ги има во праските и се добар извор на бета-каротен. Тие исто така се многу важни антиоксиданси, кои ги штитат клетките и ткивата од штетните ефекти на слободните радикали (нестабилни молекули во нашето тело).

Природниот вкус на праска во **Forever Aloe Bits N`Peaches** го прави идеален за деца. Ставете од гелот во чаша со мраз, измиксирајте го со друг овошен сок, дури може и да го измиксирате со Forever Lite Ultra with Aminotein и ќе уживате во одличниот вкус на дарежливата природа!

**Forever Aloe Berry Nectar** е уште еден популарен Форевер алое пијалок, кој ги содржи сите витамини, минерали, амино киселини и ензими кои ги има во алое гелот, со додаток на боровинки и јаболко.

Боровинките имаат висока содржина на витамин Ц и се познати како чистачи на уринарниот тракт. Тие исто така се природен извор на пикногенол, моќен антиоксидант кој е особено корисен во одржување на колагенот и заштитата на кожата. Сокот од јаболко е познат по своите антиоксидантни витамини А и Ц, како и калиум кој помага во прочистувањето на дигестивниот систем.

Независно дали претпочитате повеќе сладок вкус на праска или боровинка, конзумирајте било кој од овие пијалоци во текот на денот. Така му помагате на вашиот дигестивен систем за подобра апсорпција на хранливите материи, додавате витамини, минерали и амино киселини во вашата исхрана и придонесувате за вашиот здрав начин на живеење!




**Forever Freedom** е комбинација на Алое Вера Гел со други супстанци кои се корисни во одржувањето на функциите и мобилноста на зглобовите со прекрасен вкус на портокал. Вклучивме глукозамин сулфат и хондроитин сулфат, два природни елементи кои помагаат за одржување на здрава функција на зглобовите. На оваа комбинација додадовме и витамин Ц како и МСМ. МСМ е примарен извор на био-достапен сулфур кој му е потребен на телото за да ги одржува здрави сврзните ткива и мобилноста на зглобовите.

Глукозамин сулфат и хондроитин сулфат се природни супстанци кои помагаат во одржувањето на структурата и здравјето на р'скавицата, одржувајќи ја добро хидратирана. Тие исто така помагаат во одржувањето на вискозноста на течноста која служи за подмачкување на зглобовите. Како што телото старее, сè помалку е во можност да ги произведува овие природни елементи и затоа е потребно тие да се внесуваат преку додатоци во исхраната. **Forever Freedom** ја обезбедува препорачаната количина на глукозамин сулфат (1500мг), хондроитин сулфат (1200мг) плус 750мг од МСМ и 250 мг од витамин Ц во секоја доза од 120 мл. Нека **Forever Freedom** биде ваш практичен и природен начин за почеток на вашиот ден!



Smile

# ОСВЕЖЕТЕ ГИ СВОИТЕ МЕЧТИ



**Претседател и главен генерален директор на ФЛП**

„Пролетта е време за планови и проекти.“

Лав Толстој, „Ана Каренина“

Независно во која хемисфера се наоѓате, пролетта е сезона за чистење на последните зимски пајажини, за чистење на прозорците, за садење на новата реколта, и за ставање во акција на сите планови направени во тек на зимата. Со затоплувањето на земјата тука во Аризона дивите цветови и кактусите почнуваат да цветаат, а времето е најпријатното во годината – топло во попладневните часови и посвежо навечер. Пролетта е едно од моите сакани нешта во Аризона. Најубавите денови да си надвор, да откриваш нови места и нови пријателства.

Во Форевер пролетта го означува завршувањето на квалификацијата за програмата Менаџер „Орел“. Некои од вас ќе бидат воодушевени што се квалификувани, други не се ни обиделе, а трети пак не се ни сетиле... На сите сакам да им кажам: „Честитки!“

Некој сега ќе ми реплицира: „Честитки и на оние кои дури и не се обиделе? Рекс, дали си сериозен?“

Клучниот момент во секоја случка во животот е да си извлечеме поука од неа. Ако научиме нешто ново – добиваме. Се надевам дека квалификацијата за Менаџер „Орел“ во 2013 г. ќе биде лекција за секој од вас. Одлично би било ако тие што не се обиделе одлучат да не ја пропуштат одново можноста во 2014-та. Оние што за малку ја пропуштиле квалификацијата се радуваат на поголем и постабилен бизнис, и догодина сигурно ќе успеат. Оние што се квалификувани и ќе отидат на езерото Тахо, догодина одново ќе се квалификуваат. Исто како и новиот живот кој блика отсекаде во пролетта, така и ние треба да продолжуваме да се бориме секој миг и секој ден, за да израстуваме и да го правиме светот подобар и поубав.

На Глобалното рели во Лондон, пред 20 илјади дистрибутери и пријатели, ќе објавам каде ќе биде средбата на Менаџерите „Орел“ во 2015 г. Сигурни сме дека многу ќе ви се допадне! Затоа започнете да работите уште СЕГА за градење на „орловски“ бизнис.

Ако треба да ви дадам многу краток совет како да си изградите долгорочен, успешен и исплатлив бизнис во Форевер, тој би бил: „Учете за Орел, обучувајте сè за Орел, бидете Орел!“ И вие и бизнисот ќе полетате во височините, штом ќе ја осознаете вистинската сила на програмата Менаџер „Орел“, и ќе ја искористите.

Засекогаш Ваш,
**Rex Maughan**

# ПО ШТО СЕ РАЗЛИКУВААТ НАЈДОБРИТЕ?



Драги пријатели,

Во март ги објавивме и наградивме најдобрите дистрибутери на Форевер за 2013 година во Бугарија и Македонија. Ги слушнавме историите и советите за успех на повеќето од нив и не можете да си претставите колку различни човечки судбини и проблеми најдоа решение во можностите кои ги нуди ФЛП. Сигурни сме дека за мнозина од вас кои сте на почетокот на својата соработка со компанијата, постигнувањата на овие луѓе ви изгледаат доста далечни, тешки и дури невозможни за исполнување. Знаеме зошто е така и ќе се обидеме да ви објасниме и да ви влееме доверба дека секој може да постигне неограничени резултати во бизнисот со Форевер.

Еден од главните предизвици со кои се соочува голем дел од дистрибутерите на почетокот, е да го видат и оценат вистинскиот потенцијал на бизнисот. Постигнувањата на успешните лидери ги сметаат како резултат од непознати за нив вештини и околности, а своите можности ги оценуваат како незначителни, заради разочарувањата од отказите при нивните први обиди за спонзорирање. Тие често ја прават грешката која е типична за мнозина од неуспешните – постепено губат верба и на крај се откажуваат, за да ја побараат следната можност во која веројатно одново нема да успеат. Тие го пропуштаат фактот дека СИТЕ, верувајте ни, СИТЕ успешни дистрибутери во компанијата поминале по потполно истиот пат. Околностите за некои од нив биле дури и далеку посложени и барале значително поголема волја и труд за да бидат надминати. СЕКОЈ дистрибутер на ниво Менаџер, Сениор Менаџер, Соаринг Менаџер или Дијамант Менаџер неминовно бил почетник Дистрибутер или Асистент Супервизор како повеќето од вас. Сите се соочиле со не помалку откази и разочарувања од вас. Што ги издвојува од масата? Може да го сумираме во следните две нешта.

На прво место, во даден момент по патот кон успехот тие осознале дека овој бизнис се врти околу производите – нивната лична употреба, препорачувањето и нивната продажба. НО, тие исто така го разбрале и основниот факт дека мрежниот маркетинг се прави на прво место со ЛУЃЕ! Многу поважно е да се фокусирате на вештините и знаењата за остварување на контакти, покани и презентации на можностите, отколку постојано да ги изучувате „лековитите“ својства на производите и да барате болни на кои ќе ги нудите. Не заборавајте дека најдобрите корисници на производи во нашата компанија се нејзините активни дистрибутери. А тие се здрави и витални луѓе кои сакаат да си го променат животот и да си ги исполнат мечтите. Барајте такви личности и контактирајте со нив!

Втората работа која ги обединува успешните во овој бизнис е тоа што за нив работата со Форевер е апсолутен приоритет. Многу добро разбрале дека можноста е достапна за секого, но не работи сама од себе. Треба да ѝ се посветиш и да си создадеш железна СЕКОЈДНЕВНА дисциплина на работа. Дисциплина која вклучува претходно подготвена програма за секој следен ден, седмица и месец. Дисциплина за средби и претставувања и навечер, и во сабота и недела кога е потребно. Дисциплина за секојдневна анализа на постигнувањата – оценување на добрите, за да можат да се повторуваат, како и на лошите, за да не се повторуваат.

Ако го работите овој бизнис и сакате да си го промените животот со негова помош, бидете спремни да одделите барем по два часа на ден за дополнителен доход и не помалку од осум часа дневно, ако тој биде основниот извор на средства. Без оглед колку време се занимавате со него и до какво ниво сте стигнале, не заборавајте да продолжувате да работите така, како што сте работеле во првите денови и седмици по регистрацијата како дистрибутери.

Ако добро ги осмислите и двата фактори, ако ги претворите во дел од своите мисли и активности, без сомнение и вие наскоро ќе бидете помеѓу најдобрите. Ви гарантираме!

Засекогаш Ваши и...
насмеани ☺,
**Стефан и Тања Стаеви**

# SUCCESS DAY 16.03.2014




































LIVING PRODUCTS
MACEDONIA

LIVING PRODUCTS
MACEDONIA





ЛОНДОН
ВЕ ВИКА
FOREVER






PRODUCTS
MACEDONIA





























# Нашиот живот со Форевер




Најнапред бевме корисници на производите на Форевер Ливинг. Во април 2011 година присуствувавме на Алое ден во Свети Николе на покана од Слаѓана Маџова и тогаш одлучивме да се вклучиме како членови. Некако сé се сложи во тој момент. Започнавме со зачестени презентации во нашиот дом, а истовремено имаше и актуелна промоција за градење мрежа. Па истовремено работејќи ја промоцијата успеавме да добиеме награда лаптоп, се квалификувавме на ниво Супервизор и се квалификувавме за Европското рели во Будимпешта. Оттогаш па сé досега, немаме пропуштено ниту една промоција. Работејќи ги промоциите нашиот ентузијазам секогаш беше и е на завидно ниво. Последната промоција за Глобал Рели во Лондон ја изработивме за трето ниво, воедно и се квалификувавме на ниво Менаџер. Нашата порака до сите вас е- НИКОГАШ не ги занемарувајте промоциите. Тие ќе ве одржат во бизнисот.




**Николина и Дончо Ѓорѓиеви, Менаџери**

# Мојот пат во Форевер

Како долгогодишни корисници на овие прекрасни производи, решивме нашето позитивно искуство да го пренесеме и на нашите најблиски. Имавме среќа што голем број наши пријатели низ цела Македонија станаа корисници, а дел од нив се веќе успешни дистрибутери во компанијата. Само добрата организација, несебичното помагање и тимската работа ни овозможија да ги надминеме нашите очекувања и за неполна година да станеме Менаџери.





Нашите познавања од областа на медицината и стоматологијата ни помогнаа полесно да ги претставиме производите од тој аспект. Прекрасно е чувството да се биде дел од најуспешните во Форевер, и не заборавајте, најважно од сè е: ДА ДОНЕСЕТЕ ОДЛУКА ДА УСПЕЕТЕ!

**Др. Елизабета Стевковска Цветковска и др. Дејан Цветковски - Менаџери**



# Промоција “БИЗНИС ПРЕДИЗВИК “

### Квалификувани со 10 бода

1. Александар Симеонов
2. Др.Роза Гелевска
3. Др.Елизабета Стевковска Цветковска

### Квалификувани со 15 бода

1. Слаѓана Маџова
2. Дончо Ѓорѓиев
3. Костадинка Шопова
4. Славица Митевска
5. Стевица Димовска

Квалификуваните добиваат викенд (10 бода- за еден, 15 бода- за двајца) во Хотел Метропол за време на Маркетинг обуката во период од 27-29 јуни во Охрид.

## НОВО!!!НОВО!!!НОВО!!!

### ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

Едноставно јавете се на телефон 02/ 2465846 и кажете го вашиот дистрибутерски број и производите кои ги порачувате. Следниот ден ја добивате порачката на домашна адреса. Порачката ја плаќате во готово на доставувачот.

Трошоци за достава се следни:

- До 5 кг плаќате 210 ден за услугата достава до вашиот дом.
- Над 5 кг плаќате 260 ден за услугата достава до вашиот дом.

## Квалификации за март 2014

### ТОП 10 - НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др.Роза Гелевска
2. Дончо Ѓорѓиев
3. Вера Златковска
4. Валентина Крмова
5. Славица Донакова
6. Катерина Трајчевска
7. Стевица Димовска
8. Елена Патриклиска
9. Др.Елизабета Стевковска Цветковска
10. Др.Марија Паспаловска

### ТОП 10 - Вкупен обем

1. Др. Роза Гелевска
2. Славица Донакова
3. Блага Крстеска
4. Слафко Михајловски
5. Катерина Трајчевска
6. Вера Златковска
7. Др.Снежана Контра
8. Дончо Ѓорѓиев
9. Валентина Крмова
10. Слаѓана Маџова


**FOREVER LIVING PRODUCTS - MAKEDONIJA**

www.foreverliving.com

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## Квалификации за март 2014

### Супервизор

1. Зафировски Ѓорѓи - Куманово
2. Паспаловски Др.Марија и Тони - Битола

### Асистент Супервизор

1. Андонови Сузана и Тодор – Штип
2. Ангелова Тања – Кочани
3. Арапиновски Вера и Петар – Скопје
4. Атанасов Горан – Струмица
5. Атанасова Ноне – Велес
6. Богданова Даниела – Виница
7. Глушкови Лилјана и Виктор – Велес
8. Голенко Ана – Загреб
9. Грујовска Мирјана - Кичево
10. Грујовски Мирко и Билјана – Кичево
11. Дучева Кристина – Богданци
12. Емурли Блерта – Тетово
13. Јованови Александра и Зоран – Штип
14. Камберски Снежана и Владимир – Скопје
15. Кушевски Гордана и Димитар – Скопје
16. Мастев Дејан – Пробиштип
17. Михајлова Неда – Битола
18. Митеви Сунчица и Ненад – Штип
19. Никодиноски Валентина и Ване – Скопје
20. Новковски Владимир и Новковска Симовска Татјана – Скопје
21. Пејчеви Снежана и Милко – Скопје
22. Пешова Билјана – Кочани
23. Петковски Валентина и Свето – Скопје
24. Стефановски Владанка и Милорад – Куманово
25. Стојановски Катерина и Јонче – Куманово
26. Стојчевски Марија и Далибор – Куманово
27. Стојковска Сузана – Скопје
28. Таневски Љупчо – Ресен
29. Трајковски Валентина и Јован – Куманово
30. Ќерими Хамет – Куманово
31. Хаџикојчева Руменче – Гевгелија
32. Цубалеска Кети - Скопје

## Алое ден во Тетово

**23.04.2014 - среда**

**Хотел „Лирак“, почеток: 19 часот**

## Алое ден во Гостивар

**24.04.2014 - четврток**

**Пицерија „Пијано“, почеток: 19 часот**

**Ве очекуваме!**

**Следете нѐ на facebook Flp Macedonia за да бидете во тек со актуелните Алое денови и настани.**